Здружение за истражување на македонската историја АРХЕО ЦЕНТАР од
Бр. 03/25
19. 08. 2025 год.
Битола

# Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk** со назнака **Иницијатива за ГПРВ 2026**, до **15.9.2025 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: **Здружение за истражување на македонската историја АРХЕО ЦЕНТАР од Битола**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): **7433956**

Седиште и адреса (улица, број, општина): **УЛ. Пецо Божиновски број 46Б/2 Битола**

Застапник: **Бранко Попов**

Веб страница:

Електронска пошта (e-mail ): **arheocentar@gmail.com**

Телефонски број за контакт: **071348340**

Лице за контакт: **Бранко Попов**

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата:**

Дополнување на Законот за заштита на културното наследство на Република Северна Македонија

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

- Владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;

Заштита на културното и материјалното наследство на Република Северна Македонија

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu

- **утврдува детален план и распоред за усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ (acquis communautaire) и ги определува надлежните институции и органи за негова подготовка и спроведување.**

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Во Законот за заштита на културното наследство многу малце е регулирана постапката за пријавување на скриено богатство поради што и нема пријавување. Во земјите на ЕУ а и кај некои наши соседи ова постапка е законски регулирана и функционира во пракса.

Олеснување на постапката за легализирање на артефакти во приватна сопственост и изработка на регистар со цел нивно користење во изложби во земјата и странство.

У простување на постапката кога граѓанин сака да подари артефакт на државата досегашниот начин каде Граѓанинот треба да даде писмена изјава пред нотар дека подарува доведе да никој не предава од страв од последици.

Доказ дека кај нас не функционира пријавувањето е нашата активност како здружение кое неколку пати пријавува до Управата за заштита на културното наследство а наместо да добиеме одговор за понатамошна реализација ние имаме ситуации кога наши членови се повикуваат во МВР на информативен разговор.

Немањето на соодветна законска регулатива доведува да во државата се зголемува бројот на диви копачи а притоа се празнат ризници од поединци или групи а при потрагата се оштетуваат и археолошки локалитети.

Овој предлог се однесува за места каде луѓе, војски и други жители или минувачи оставиле – закопале богатство а не археолошки локалитети или објекти од национален интерес.

Нашиот предлог како здружение за реализација на овој предлог е следниот начин:

- Да се одреди установа каде имателот на информацијата ќе изврши пријавување. Установата ќе ја разгледа информацијата и ќе изврши информирање на подносителот.
- Доколку се добие позитивен одговор Установата одредува термин за ископување во присуство на претставник на МВР и Установата за заштита на културното наследство. Комплет трошоците за реализација на оваа активност вклучувајќи ги и дневниците на двата претставници ги сноси подносителот на информацијата.
- Доколку се пронајде бараното се прави записник кои се оверува од сите присутни и најденото го презема државен орган одреден со законот.
- По завршувањето на работите организаторот на работите теренот го доведува во првобитна состојба.
- На основа записникот на оној кој пријавил државата му врши проценка на најденото и му исплаќа награда во проценти од вредноста на најденото кои процент претходно ќе биде со закон одреден.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии и Министерство за култура и Министерството за енергетика.

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

1. Ќе се намали бројот на диви копачи.
2. Ќе се намали уништувањето на нерегистрираните археолошки локалитети.
3. Ќе се зголеми буџетот и државните резерви на злато на државата.
4. Со евиденцијата на приватните колекционери ќе се збогатат колекциите кои ќе се излагаат во земјата и странство.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Предлог иницијативата не предизвикува финансиски импликации од страна на државата

Со оваа иницијатива сите потребни финансиски средства треба да ги обезбеди подносителот на информацијата.

Финансиски импликации од страна на државата почнуваат во моментот кога ќе го подигаат -преземаат најденото.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

- Закон за подземни ресурси на Република Бугарија

Lex.bg - Закони, регулативи, Устав, Законици, Државен весник, Имплементни прописи

Здружение за истражување на македонската историја АРХЕО ЦЕНТАР од Битола

19.08.2025 година

М.П.

Потпис на застапникот